Република Северна Македонија

**Министерство за правда**

**Управа за извршување на санкциите**

Бр. 04-42/4

Скопје, 12.01.24 година

Врз основа на член 52 став 1 од Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија бр. 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/ 16 и 11/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија бр. 275/19, 14/20, 215/21 и 99/22), директорот на Управата за извршување на санкциите ја донесува следната

О Д Л У К А
за избор на кандидат по Интерен оглас бр.02/2023
за унапредување на административен службеник

1. По Интерниот оглас 02/2023 за унапредување на административен службеник во Управата за извршување на санкциите објавен на 22.12.2023 година објавен на веб-страницата на Управата за извршување на санкциите и на веб – страницата на Агенција за администрација, од предложената конечна ранг – листа за работното место УПР 01 01 В02 000- **Виш соработник за соработка со Народниот правобранител и Државниот правобранител, Одделение за нормативно – правни работи, Сектор за нормативно – правни, општи и управни работи** се избира кандидатот ЕРМИРА ЗЕНДЕЛИ.
2. Оваа одлука стапува на сила со денот на донесување.
3. Одлуката се објавува на веб – страницата на Управата за извршување на санкциите

О б р а з л о ж е н и е

По добиеното известување за обезбедени финансиски средства за 2023 година од Министерството за финансии бр.18-6149/2 од 25.05.2023 година и добиеното известување за обезбедени финансиски средства за 2023 година од Министерството за финансии бр.18-13604/2 од 12.12.2023 година, Управата за извршување на санкциите на ден 22.12.2023 година објави на веб-страницата на Управата за извршување на санкциите и на веб- страницата на Агенцијата за администрација Интерен оглас 02/2023 за унапредување на 1 (еден) административен службеник.


Министерство за правда
Управа за извршување на санкциите
Ул. „Димитрие Чуповски" бр. 9, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3128059
www.pravda.gov.mk

Во функција на спроведување на постапката за унапредување на административен службеник од страна на директорот на Управата за извршување на санкциите, формирана е Комисија за селекција на унапредување на административни службеници со Решение бр. 04-42/1 од 04.01.2024 година.

Комисијата за селекција за унапредување на административен службеник согласно прописите за административни службеници и Правилникот за систематизација на работни места во Управата за извршување на санцкиите, спроведе административна селекција за што состави Записник бр. 04-42/2 од 10.01.2024 година.

По спроведената административна селекција со уредните кандидати се спроведе интервју за што е составен Записник од спроведено интервју со финална ранг листа на интервјурани кандидати и предлог – одлука за избор на прворангираниот кандидат бр.04-42/3 од 10.01.2024 година.

Врз основа на Записникот од административна селекција и Записнискот од спроведеното интервју со финалната ранг-листа и предлог – одлука за избор на прворангираниот кандидат, директорот на Управата за извршување на санкции одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**ПРАВНА ПОУКА**: Против оваа одлука незадоволниот кандидат има право на жалба до Агенцијата за администрација во рок од 8 (осум) дена од денот на приемот на истата.

ДИРЕКТОР НА УПРАВАТА ЗА
ИЗВРШУВАЊЕ НА САНКЦИИТЕ
Јовица Стојановиќ